РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-442
18.02 2015 година
Скопје

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1223/1 од 16.02.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради не почитување на правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, од страна на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 18.02.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 99 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), на начин што на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, на 4 февруари 2015 година, е регистрирано емитување на телешопинг прозорци што не се јасно означени со оптички и/или звучни средства.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецификцирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1223/1 од 16.02.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на

одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за програмски и административен надзор, на 16 февруари2015 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 февруари 2015 година, при што со помош на системот на мониторинг, констатираше прекршување на член 99 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (телешопинг прозорците мора да бидат јасно означени со оптички и/или звучни средства). Во анализираниот ден е регистрирано емитување на телешопинг прозорци што не се јасно одвоени од другите делови од програмата, односно се емитувани без да се означат со оптички и/или звучни средства.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, спецdown фицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1223/1 од 16.02.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1223/1 од 16.02.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен в0 точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1223/1 од 16.02.2015 година.